Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а во врска со член 15 став 6 и член 29 став 2 од Законот за медиуми („Службен весник на РМ“ бр.184/13 и 13/14 и „Службен весник на РСМ“ бр.63/24, 74/24, 218/24 и 87/25), точка 7 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4241/1 од 1.10.2025 година, Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.03-2196/1 од 20.5.2026 година и Заклучокот арх.бр.02-2502/2 од 19.6.2026 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 23 седница одржана на 19.6.2026 година, го донесе следното

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 03-174
22.06.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## Решение
## за преземање мерка - јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, заради извршена повреда на член 15 став 6 од Законот за медиуми (ЗМ), на начин што радиодифузерот до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) во законски предвидениот рок до 31 март 2026 година не достави писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за телевизиско емитување во 2025 година.

   Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-2196/1 од 20.5.2026 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗМ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата), врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и член 29 од Законот за медиуми (ЗМ) надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од ЗМ.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата против издавач на медиум презема мерка - јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во согласност со член 29 став 2 од ЗМ, мерките кои Агенцијата како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во ЗАВМУ, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од ЗМ.

Согласно член 15 став 6 од ЗМ, радиодифузерите се должни на надлежното регулаторно тело да му доставаат писмен извештај, за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година. Во прилог на извештајот се доставува и информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република

Северна Македонија или надвор од неа. Писмениот извештај се доставува на образец кој го пропишува надлежното регулаторно тело.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 19 мај 2026 г., изврши редовен административен надзор на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, при што констатираше прекршување на член 15 став 6 од ЗМ.

Со редовниот надзор е констатирано дека ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово во законски предвидениот рок (31 март 2026 година) не достави до Агенцијата писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за телевизиско емитување, особено за спроведувањето на програмскиот концепт, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува програмскиот сервис во државата или надвор од неа, со што не ги исполни обврските од член 15 став 6 од ЗМ.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-2196/1 од 20.5.2026 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, на 21.5.2026 г., испрати Допис арх.бр.03-2196/2 од 21.5.2026 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-2196/1 од 20.5.2026 г., со цел во рок од 7 (седум) работни дена од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави појаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗМ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 27.5.2026 година. Во предвидениот рок, ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, не се изјасни за стореното прекршување на Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 19.6.2026 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 15 став 6 и член 29 став 2 од ЗМ, точка 7 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка и Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.03-2196/1 од 20.5.2026 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗМ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 23 седница одржана на 19.6.2026 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-2502/2 од 19.6.2026 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, и му се наложува во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗМ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него издавачот на медиум (радиодифузерот) може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на совет,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-2196/1 од 20.5.2026 година.

**Доставено до:**

- ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово;
- Управителот на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово;
- Одговорното лице на програмата во ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово;
- Сектор за правни работи и јавни набавки;
- Сектор за програмски работи и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 20.05.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 2196/1 | | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово;
3. **Период опфатен со надзорот:** 2025 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 19 мај 2026 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 15 став 6 од Законот за медиуми** („Службен весник на РМ“ бр. 184/13 и 13/14 и „Службен весник на РСМ“ бр. 63/24, 74/24, 218/24 и 87/25) - „Радиодифузерите се должни на надлежното регулаторно тело да му доставаат писмен извештај, за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година. Во прилог на извештајот се доставува и информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Северна Македонија или надвор од неа“.
6. **Претходно изречена мерка:** /
7. **Констатации од надзорот:**

Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово **во законски предвидениот рок (31 март 2026 година) не достави до Агенцијата писмен извештај** за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за телевизиско емитување, особено за спроведувањето на програмскиот концепт, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува програмскиот сервис во државата или надвор од неа, со што **не ги исполни обврските од член 15 став 6 од Законот за медиуми**.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 15 став 6 од Законот за медиуми,** ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово не достави писмен извештај за спроведување на обврските утврдени

во дозволата за телевизиско емитување во 2025 година, во законски предвидениот рок до 31 март 2026 година.

**9. Предлог мерка:**

Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 15 став 6 од Законот за медиуми, а согласно со член 15 став 7 од овој Закон:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4241/1 од 01.10.2025 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

**Сектор за програмски работи**